20251923940

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4859/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/11, 129/15, 147/15, 27/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 103/21), во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

„Инвалидно лице, во смисла на овој закон, е лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток, лице со аутистичен спектар на нарушување и лице со други первазивно развојни растројства и лице со комбинирани пречки кое поради степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето.“.

Во ставот 2 зборовите: „Агенцијата за вработување на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 2-а во ставот 4зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Ставот 6 се менува и гласи:

„Образецот на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација за утврдување на инвалидност ги пропишува министерот за социјална политика, демографија и млади во согласност со министерот за дигитална трансформација“.

Член 3

Во член 4 во алинејата 1 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Член 4

Во член 4-а во ставот2 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“ и зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Во ставот 3 зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Член 5

Во член 7 во ставот 1 зборовите: „персонален данок од доход“ се заменуваат со зборовите: „данок на личен доход“.

Член 6

Во член 10 во ставот 1 зборовите: „персонален данок од доход“ се заменуваат со зборовите: „данок на личен доход“.

Член 7

Во член 12 во ставот 2 зборовите: „Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата)“ се заменуваат со зборот „Агенцијата“.

Член 8

Во член 12-а во ставот 3 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Член 9

Во член 16 во ставот 2 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за социјална политика, демографија и млади“ и зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација”.

Во ставот 5 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Член 10

Во член 16-а во ставот 10 зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Член 11

Во член 18 во ставот 2 зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Во ставот 5 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Во ставот 7 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Член 12

Во член 19 во ставот 1 зборовите:„Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“.

Во ставот 2 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Член 13

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 14

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработување на инвалидни лица.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.